Почитувани,

Во име на Комисијата за жалби при СЕММ, во прилог Ви ја испраќаме одлуката на Комисијата по добиеиата жалба од ваша страна за емисијата „Јади Бурек" емитувана на тв Сонце.

Доколку би сакале да добиете примерок од одлуката и во хартиена форма, ве молиме испратете податоци од поштенска адреса.

Со почит,

Совет за етика в0 медиумите на Македонија
Këshilli për etikë në medianë maqedoni
Council of Media Ethics of Macedonia

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

тел./факс 02 3222 595
www.semm.mk<http://www.semm.mk>

--
This message has been scanned for viruses and
dangerous content by MailScanner, and is
believed to be clean.

Бр. 126/0306
29.03.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 март 2019 година, врз основа на примена жалба од Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Во изданието на емисијата „Јади бурек", емитувано на 13 февруари 2019 година на Телевизија „Сонце", прекршен е Кодексот на новинарите во членовите 10 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 11 март 2019 година, Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) поднесе жалба за изданието на емисијата „Јади бурек", емитувано на 13 февруари, во 20 часот, на Телевизија „Сонце" (www.tv-sonce.com).

Во жалбата се наведува дека водителот кон дел од соговорниците во емисијата се обраќал на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум и дека користел навредливи зборови, употребувал повишен тон, карикирал, ги оневозможувал соговорникот и соговорничката да одговорат, ги понижувал и се потсмевал со нив. Ваквото постапување на водителот, според АВМУ, е спротивно на начелото за заштита на достоинството на личноста од член 61, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во оваа насока, Агенцијата изготвила и извештај по вонредниот програмски надзор на емисијата, кој е доставен и во прилог на жалбата до Советот за етика.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Сонце" и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Авторот и водител на емисијата „Јади бурек", Јанко Илковски, одговори на наводите и јавно се извини ао едно од наредните изданија.

*„Почитувани, јавно извинување. По сознанијата од поплаките, кои сте ги добиле во врска со моето однесување во програмата на посочениот датум, 13.02. 2019 година, уште веднаш изразувам жалење и давам јавно извинување до гледачот и јавноста и секој оној кој се почувствувал навреден од моите искажувања и некултурниот однос во живо во емисијата. Со должна почит кон гледачот и вас како институции, како и моите колеги од телевизијата, изјавувам дека сум спремен да ги сносам последиците од овој мој чин"*, рече меѓу другото, Илковски во емисијата, емитувана на 12 март, 2019 година.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 15.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 март, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека се работи за забавно-контактната емисија „Јади Бурек“, во која водителот Јанко Илковски, по пат на дијалог телефонски разговара со гледачи за актуелни општествено-политички теми.

Комисијата се согласи дека поголем дел од оспорената емисија е во согласност со етичките стандарди, но не и завршниот дел од емисијата, во кој водителот, несомнено, излегува од рамките на слободата на изразување. При вербална комуникација со еден од гледачите, тој почнува да користи непримерен и навредлив јазик, кој во себе содржи и елементи на дискриминација, во случајов, врз сексуална основа. Ваквата отстапка, особено е нагласена во следниот дијалог на водителот со еден од гледачите:

Гледач: *„Не, бе брат, онака од радозналост“.*

Јанко Илковски: *„Не, не, ја онака те прашувам. Пошто имаш тема, ама очигладно немаш,* ***толку ти е паметот****, не знаеш шо да кажеш, па бараш јас да зборам место тебе, така?“*

Гледач: *„Не, бе брат, чудно...“*

Јанко Илковски: *„Не, бе брат, не сме браќа ја и ти, не, не,* ***ти си топол брат. Јас со топли браќа вака, на дистанца“.***

Во согласност со горенаведеното, Комисијата најде дека во оспорениот дел од емисијата е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, според кој, Новинарот нема свесно да создава, ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...). Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во

обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

Понатаму, Комисијата утврди дека водителот Илковски, за време на вербалната комуникација со истиот гледач, се служи со непристојни и навредливи коментари и користи јазик, кој содржи елементи на подбив и исмејување. Во овој контекст, членовите на Комисијата заклучија дека водителот го прекршил и членот 15 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Ова прекршување на Кодексот, особено е нагласено во следниве неколку коментари на Илковски, упатени кон гледачот:

Јанко Иловски: *„Јок, јок, јок. Добра плата имаш?"*

Гледач: *„А?"*

Јанко Илковски: *„Дали имаш добра плата? **Не се прај будала дека не ме слушаш!** Не ми глуми!"*

Јанко Илковски: *„Јас ќе ти кажам. Пак не можеш да ме надзбориш."*

Гледач: *„Слушај..."*

Јанко Илковски: *„**Затоа што си глуп!** Затоа што немаш што да кажеш! Оди земи од тоа винцето малце од најлон кеса – **толку ти е со паметот**".*

Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа.

Комисијата, на крајот, го зеде предвид, и во оваа прилика го поздравува извинувањето од страна на водителот Илковски, кој јавно ја призна грешката во едно од следните изданија на емисијата. Иако тоа не ја намалува моралната одговорност, сепак, на тој начин, новинарите го штитат сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој работат.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на

омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица". Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 1о од Конвенцијата и судската пракса на Судот.

* Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој забранува вознемирување како облик на дискриминација врз дискриминаторска основа (во случајов сексуална ориентација).

*Член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во делот на начелото за заштита на достоинството на личноста.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Лилјана Пецова - Илиеска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Сонце" (www.tv-sonce.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595